Архивски знак:__________
Рок на чување:__________ год.
__________ 20____ година
Потпис,
__________

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 01.06..2020 година донесе

Правила
за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата

1. Во Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр. 01-514/17 од 20.01.2020 година и Правилата за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр. 01-797/6 од 16.03.2020 година, во главата IV Процес на аплицирање и постапка за доделување на награди, во делот Јавен повик, по став 3 се додава нов став 4 кој ќе гласи:

„По исклучок, рокот за доставување на предлог проектите може да биде продолжен за повеќе од 90 (деведесет) дена во случај на постоење на оправдани причини.“

Ставот 4 и 5, стануваат став 5 и 6.

2. Останатите одредби во Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, бр. 01-514/17 од 20.01.2020 година, и Правилата за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр. 01-797/6 од 16.03.2020 година, остануваат непроменети.

3. Овие Правила за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, влегуваат во сила од денот на нивното донесување.

Бр. 01-1662/5
Скопје, 01.06.2020 година

Претседател на Управен одбор
на Фонд за иновации и технолошки развој
Моника Јованова

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за иновациската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 79/13, 137/13, 41/14,6/16, 53/16,190/16 и 64/18), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на ден 20.01.2020 година, ги донесе следните:

**ПРАВИЛА**
**за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата**

Со овие правила се утврдуваат основните карактеристики на натпреварите и предизвиците за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата (во натамошниот текст: Правила за натпревари и предизвици) и критериумите и постапките за аплицирање на натпревари и предизвици организирани од страна на Фондот за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: Фондот).

Со правилата за натпревари и предизвици се уредуваат и:

- критериумите и условите за доделување на награди наменети за натпревари и предизвици организирани од страна на Фондот;
- постапките за доделување средства на награда наменети за натпревари и предизвици организирани од страна на Фондот;
- правилата за исплата на средствата за наградите;
- правилата за спроведување на проекти поддржани преку натпревари или предизвици организирани од страна на Фондот;
- правилата за надзор, следење и евалуација;
- условите за привремен прекин и престанок на финансирање;
- механизмите за заштита на доделените средства преку натпреварите или предизвиците и
- други прашања од работењето на Фондот.

Натпреварите и предизвиците Фондот може да ги организира и спроведува самостојно или во соработка со други организации.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Дефиниции

1. „Натпреварувач" значи правен субјект кој до Фондот има поднесено предлог проект на отворен јавен повик за доделување награди за натпревари и предизвици организирани од страна на Фондот (во понатамошниот текст: натпревари и предизвици).
2. „Договор за доделување на награда" значи договор склучен помеѓу Фондот и избран натпреварувач, за доделување на средства, кој е во согласност со правилата и процедурите наведени во Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата.
3. „Комисија за оценување и избор" значи Комисија составена од претставници на организаторот, партнерските организации и надворешни експерти од областа во која се организира натпреварот односно предизвикот, а која врши работи согласно Правилата за натпревари и предизвици.

4. „Корисник на награда“ значи правен субјект кој со Фондот има потпишано Договор за доделување на награда на натпревар или предизвик.
5. „Награда“ значи грант во вид на парична помош и/или техничка помош доделен/а/и од страна на Фондот на одреден корисник на наградата за финансирање на работи, набавка на стоки, консултантски и други услуги согласно одобрената проектна апликација и буџет на проектот кофинансиран од страна на корисникот на наградата согласно условите наведени во Правилата за натпревари и предизвици и согласно условите наведени во јавниот повик.
6. „Предлог проект“ значи проект поднесен на отворен јавен повик за доделување на награди во рамки на одреден натпревар односно предизвик на Фондот кој се финансира преку кофинансиран грант во согласност со критериумите и постапките наведени во Правилата за натпревари и предизвици.
7. „Јавен повик“ е повик за доставување на предлог-проекти објавен во јавните гласила кој ги содржи условите за учество, рокот за пријавување, како и потребната документација за пријавување на натпревар односно предизвик организиран од страна на Фондот, а согласно условите наведени во Правилата за натпревари и предизвици.

## II. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### Општи цели на натпреварите и предизвиците

Општи цели на натпреварите и предизвиците организирани и спроведувани од страна на Фондот се:

- поттикнување на иновативноста и претприемничкиот дух кај микро, малите и средни претпријатија со дизајнирање на нови решенија за проблемите со кои се соочува заедницата, како и можност за развој на нови бизниси преку примена на решенијата;
- развивање на иновативни производи, услуги, процеси, активности или методологии со кои се нудат практични и општествено корисни решенија за одредени прашања или проблеми во приоритетни области од науката и технологијата; и
- охрабрување на соработката помеѓу приватниот сектор од една страна и високо-образовните и научни установи, претпријатија, здруженијата на граѓани како и останати форми на соработка од друга страна.

### Целна група

Натпреварите и предизвиците се наменети за поттикнување на иновативната дејност кај различни форми на правни субјекти како микро, мали и средни претпријатија, здруженија, високообразовни институции и останати правни субјекти кои сакаат да спроведат активности за истражување и развој и/или да развијат иновативен производ, услуга, процес, активност или методологија, сами или во соработка со друг правен субјект.

### Награди

Преку натпреварите и предизвиците, Фондот обезбедува награди како грант во вид на парична помош и/или техничка помош.

Висината и точниот износ на наградите се уредува со јавниот повик за учество на натпревар/предизвик во согласност со целите и областа на натпреварот/предизвикот.

Со јавниот повик може да се утврди и процентот на учество на натпреварувачот односно корисникот на наградата во вкупниот буџет.

Средствата добиени од Фондот по која било друга основа или која било друга државна помош, нема да се сметаат за прифатливи средства за кофинансирање од страна на натпреварувачот.

**Времетрање на проектот**

Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку натпревари или предизвици може да биде до 24 (дваесет и четири) месеци.

Фондот, врз основа на оправдани околности може да одобри продолжувања на спроведувањето на проектот до шест месеца.

Во случај на продолжување на времетраењето на спроведувањето на проектот, износот на доделениот грант не може да биде зголемен.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

Предлог-проектите може да бидат поднесени од поединечен натпреварувач.

Општ критериум за подобност кој натпреварувачот треба да го исполни е:

- Да е правен субјект регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија; и
- Да е во доминантна сопственост на македонски државјани, во случај кога тоа е определено во самиот јавен повик.

Во случај на правен субјект основан согласно Законот за трговските друштва да е микро, мало или средно претпријатие кое не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието).

Поединечниот натпреварувач предлог-проектот може да го поднесе во партнерство или во конзорциум, доколку оваа можност е уредена во јавниот повик.

Посебните критериуми за подобност на натпреварувачите, како и члeновите на партнерството и конзорциумот (доколку е применливо), се уредуваат во самиот јавен повик за учество на натпревар/предизвик согласно целите и областа на натпреварот/предизвикот.

**Намена на средствата**

Средствата добиени од Фондот треба да бидат наменети за активности наменети за развој и имплементација на предложената иновација како:

- активности за истражување и развој;

- активности за тестирање;
- активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост;
- дизајн;
- развој на пилот линии;
- активности поврзани со обезбедување квалитет, стандардизација и акредитација и
- активности за маркетинг и продажба (насочени кон доведување на иновацијата до инвестициска подготвеност и зрелост за воведување на пазарот).

Горенаведената листа на активности не е ограничувачка, специфичните активности кои може да бидат предмет на финансирање се уредуваат во јавниот повик за учество на натпревар/предизвик согласно целите и областа на натпреварот/предизвикот.

**Трошоци прифатливи за финансирање**

Трошоци прифатливи за финансирање во рамки на предлог проектите поднесени на натпреварите односно предизвиците се:

- бруто плати - износите на бруто плати за вработените лица ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот на наградата пред почетокот на проектот;
- набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање на консултанти за останати потреби директно поврзани со очекуваните резултати на предизвикот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на дополнителни финансиски средства, бизнис развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- обезбедување на квалитет, стандардизација и акредитација;
- канцелариска и деловна поддршка (наем на деловен простор, режиски трошоци, банкарски провизии, сметководствени услуги, хостинг и слично);
- трошоци за промоција на резултатите на/од проектот;
- патни трошоци, трошоци за сместување, котизација и дневници поврзани со целите на натпреварот/предизвикот; и
- административни трошоци (банкарски провизии, поднесување на годишна сметка за наменската сметка на проектот, трошоци за објава на оглас за јавни набавки).

Специфичните трошоци дозволени за финансирање се уредуваат во јавниот повик за учество на натпревар/предизвик согласно целите и областа на натпреварот/предизвикот. Секој јавен повик за учество на натпревар/предизвик не мора да ги содржи сите горенаведени трошоци како дозволени трошоци.

**Трошоци неприфатливи за финансирање**

Трошоци неприфатливи за финансирање во рамки на предлог-проектите поднесени на натпреварите односно предизвиците се:

- отплата на камата или долг на друга страна;
- трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови;

- покривање на загуби поради размена на валута, такси и казни;

- трошоци за забава и угостителство;

- трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани со селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба;

- купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање;

- готовинска исплата од посебната сметка на проектот;

- извозни активности (трошоци директно поврзани со извоз на производи, со основање и работење на мрежа за дистрибуција и слично);

- годишни такси за оддржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите);

- додатоци на плата;

- трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сопственик/ици на претпријатие кое е корисник на наградата;

- наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е поврзано лице со корисникот на наградата;

- набавка на патнички, товарни и транспортни возила;

- набавка на половна опрема; и

- данок на додадена вредност (ДДВ), во случај кога наградениот субјект има право на поврат на ДДВ.

Не се подобни за финансирање и трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори.

**Права од интелектуална сопственост**

Во случај проектот да се базира на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, натпреварувачот е должен заедно со предлог проектот да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договори за „in-kind“ придонес или друг вид на договор кој потврдува дека натпреварувачот има право на користење на интелектуалната сопственост на која се базираат резултатите од проектот.

Натпреварувачот не смее свесно или намерно да ги нарушува правата на интелектуална сопственост на кое било трето лице.

Фондот нема да биде одговорен за спорови поврзани со правата на интелектуална сопственост помеѓу натпреварувачот/корисникот на наградата и трети страни.

По потреба, обврската од заштита на права од интелектуална сопственост и обврската за пренос на право на користење на интелектуална сопственост се уредуваат во јавниот повик за учество на натпревар/предизвик согласно целите и областа на натпреварот/предизвикот.

**Заштита на животната средина**

Секој предлог проект доставен на јавен повик за доделување средства на Фондот кој има влијание врз животната средина мора да биде во согласност со Законот за животна средина и другите релевантни важечки закони и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ

### Јавен повик

Финансиските средства за натпреварите или предизвиците се доделуваат на компетитивна основа по објавен јавен повик кој е претходно донесен од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој.

Јавниот повик задолжително се објавува во најмалку две јавни гласила и на веб-страницата на Фондот.

Рокот за доставување на предлог проектите ќе биде одреден до 90 (деведесет) дена од денот на објавата на јавниот повик.

Јавниот повик задолжително ги содржи следниве информации:
- датум на објава на јавниот повик;
- опис на целите на натпреварот односно предизвикот;
- износ на наградата односно кофинансирањето (доколку е применливо);
- критериумите за подобност на натпреварувачите;
- листа на активности и трошоци подобни за финансирање;
- критериуми за оценување и селекција;
- состав на Комисијата за оценување и избор;
- начин на поднесување на потребната документација;
- обрасци во кои треба да се пополни предлог-проектот;
- краен рок за поднесување на потребната документација и
- контакт информации.

Сите горенаведени податоци мора да се содржат во целосниот јавен повик објавен на веб-страницата на Фондот. За јавниот повик објавен во јавни гласила ќе биде изготвена скратена верзија.

### Потребна документација

При пријавување на натпревар односно предизвик треба да се доставaт следните документи:

1. Уредно пополнет образец за Проектна апликација;
2. Уредно пополнет образец за Буџет на проектот и
3. Дополнителна документација поврзана за Натпреварувачот, која детално ќе биде наведена во јавниот повик.

Проектната документација задолжително се доставува на обрасци изготвени од страна на Фондот.

### Дополнителни документи во случај на доделена награда

Во случај на натпреварувачот да му биде доделена награда, натпреварувачот до Фондот треба да поднесе и:

- договори со трети страни од значење за спроведувањето на проектот (доколку е применливо);

- во случај проектот да се заснова на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, натпреварувачот е должен да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договори за „in-kind“ придонес или друг вид на договор кој потврдува дека натпреварувачот има право на користење на интелектуалната сопственост на која се засноваат резултатите од проектот и
- податоци од отворена посебна банкарска сметка за потребите на проектот.

Фондот го задржува правото, доколку е потребно, да побара и друга документација од натпреварувачите, кои се должни истата да ја достават во најкраток можен рок.

**Информативни и консултативни сесии**

За времетраење на јавниот повик Фондот може да организира инфо-настани, обуки, консултативни и менторски сесии на кои потенцијалните натпреварувачи ќе имаат можност да добијат дополнителни информации и стручна помош при подготовка на предлог-проектите.

За времето и местото на одржување на информативните и менторските сесии натпреварувачите ќе бидат навремено известени преку јавни гласила и/или по електронски пат (електронски медиуми и/или е-маил).

## V. ПРОЦЕС НА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

**Комисија за оценување и избор**

Оценката, изборот и одлуката за доделување награди, односно финансирање на проекти е под единствена надлежност на Комисијата за оценување и избор на натпревар или предизвик (во понатамошниот текст: Комисијата за оценување и избор).

Комисијата за оценување и избор се определува во Јавниот повик и се состои од најмалку 5 (пет) члена од кои:

- Еден член е претставник на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Најмалку еден експерт од специфичната област на натпреварот/предизвикот, и
- Најмалку еден експерт во областа на развој на бизнис (доколку е применливо).

**Процес на оценување и избор**

Оценката на проектите се состои од неколку чекори:

- **Административна проверка на доставените документи** (дали документацијата е комплетна и во согласност со условите за подобност наведени во јавниот повик);
- **Прва оцена на предлог-проектот** (предселекција) и
- **Селекција на најдобри предлог-проекти** (со вклучена презентација на предселектираните предлог-проекти пред Комисијата за оценување и избор).

**Административна проверка на доставените документи**

Административната проверка на доставените документи ја вршат лица вработени во Фондот за иновации и технолошки развој овластени од директорот.

Во случај да се утврди дека недостига дел од документацијата поврзана со натпреварувачот, натпреварувачот има право да ја надополни истата во рок определен од страна на Фондот.

Доколку натпреварувачот не ја доставил бараната документација во согласност со условите определени во јавниот повик истата се смета за некомплетна.

Од административната проверка на доставените документи се составува записник.

По завршувањето на административната проверка, секоја комплетна документација се доставува до членовите на Комисијата за оценување и избор.

**Критериуми за оценување и избор**

Критериумите за оценување и бројот на бодови за избор на предлог-проектите се уредуваат во јавниот повик за учество на натпревар/предизвик согласно целите и областа на натпреварот/предизвикот.

Членовите на Комисијата за оценување и избор ги оценуваат предлог проектите според утврдените критериуми. Секој предлог проект кој ќе добие најмалку 51% од вкупниот број бодови поминува во фазата на селекција.

Завршните бодови, по однос на критериумите за оценка, членовите на Комисијата за оценување и избор ги даваат во фазата на селекција, по презентацијата на предлог-проектите од страна на предселектираните натпреварувачи.

За фазата на селекција Комисијата за оценување и избор составува Записник.

Наградени ќе бидат оние предлог-проекти кои имаат највисок број бодови по завршување на фазата за селекција. При изборот на наградени проекти ќе се зема предвид и износот на расположливи средства под јавниот повик.

Фондот го задржува правото да преговара со натпреварувачите по однос на дефинирање на активностите и буџетот на проектот на основа на препораки добиени од Комисијата за оценување и избор, пред потпишување на Договор за доделување на награда, доколку оваа одредба е наведена во јавниот повик.Фондот го задржува правото да не додели награда доколу нема доволно квалитетни предлог-проекти или не се исполнети условите за доделување на наградата согласно овие Правила и условите наведени во Јавниот повик.

Роковите за аплицирање, предселекција, селекција и донесувањето на одлуката за доделување на награди ќе бидат дефинирани во рамки на јавниот повик. Фондот го задржува правото за измена на овие рокови.

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ

### Елементи на договорот за доделување на награда

(1) Натпреварувачите за кои е донесена одлука за доделување на награда ќе бидат повикани да потпишат Договор за доделување на награда во рок од 30 (триесет) дена од денот на донесување на одлуката.

(2) Задолжителни елементи на договорот за доделување на награда се:

- договорни страни;
- предмет на договорот;
- дефиниции и толкување;
- вредност на договорот;
- времетраење на проектот;
- права и обврски на Фондот и на корисникот на наградата;
- виша сила;
- раскинување на договорот;
- завршни одредби и
- проектна апликација и буџет на проектот.

### Исплата на средства

Исплатата на средства се врши на посебна банкарска сметка наменета за потребите на проектот.

Средствата се исплаќаат авансно, на квартална основа, во согласност со Буџетот на проектот, доколку не е поинаку специфицирано во јавниот повик.

Во случај на квартални исплати, средствата за секоја наредна рата ќе бидат исплатени на посебната сметка откако ќе бидат исполнети следните услови:

- одобрен тримесечен извештај за напредок (описен дел и финансиски дел), доколку не е поинаку специфицирано во јавниот повик;
- наменски потрошени најмалку 70% (седумдесет проценти) од претходно буџетираните средства и
- доставен доказ за извршената уплата на сопственото кофинансирање за наредно тримесечие во вид на банкарски извод (доколку е применливо).

Доколку во Јавниот повик е предвидено кофинансирање од страна на Корисникот на наградата, средствата за првата рата ќе бидат исплатени на посебната сметка на проектот по потпишување на Договорот за доделување на награда, откако корисникот на наградата ќе достави до Фондот доказ за извршената уплата на сопственото кофинансирање за првото тримесечие во вид на банкарски извод.

За сите награди кои надминуваат 300.000 денари Фондот од последната исплата задржува 5% од вкупниот износ на наградата доделена од Фондот. Овој износ се исплаќа на корисникот на наградата по одобрување на Завршниот извештај за проектот.

**Техничка помош за корисниците на наградите**

За времетраење на проектот Фондот може да обезбеди дополнителни обуки, консултативни и менторски сесии за корисниците на наградите со цел поуспешно спроведување на проектот.

**Обврски на корисникот на наградата**

Корисникот на наградата има обврска да го спроведе проектот во согласност со условите пропишани во Јавниот повик, Правилата за натпревари и предизвици и Договорот за доделување на награда, како и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални стандарди и практики и во согласност со законските и подзаконските акти во Република Северна Македонија.

Корисникот на наградата има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно, во согласност со проектната апликација и буџетот на проектот.

Корисникот на наградата има обврска да одржува систем за финансиско управување и да одржува систем на одвоена-посебна финансиско-сметководствена евиденција, во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и на начин најсоодветен за проектните активности, расположливите ресурси и трошоци поврзани со проектот и ќе изготвува финансиски извештаи во согласност со сметководство на парична односно готовинска основа, јасно претставувајќи ги сметкопотврдите и исплатите за кварталот за кој се однесуваат, на начин кој ќе соодветствува со активностите, ресурсите и трошоците поврзани со проектот.

Фондот ќе бара од корисниците на наградите, како и од избраните добавувачи, консултанти и учесници во проектот да се придржуваат до највисоките етички стандарди согласно Законот за спречување на корупцијата, а со цел спречување на корупцијата и сродните појави во текот на спроведувањето на договорот.

**Набавки на добра и услуги**

Секоја набавка на добра и услуги корисникот на наградата е должен да ја направи во согласност со прифатливите комерцијални практики:

- При спроведувањето на набавките предвидени во проектот, корисниците треба да ги земат во предвид економската потреба, ефикасноста, транспарентноста и времетраењето на процедурата на набавка како и квалитетот на набавените добра и услуги.
- За набавките кои надминуваат 300.000,00 (триста илјади) денари корисникот на наградата треба да спроведе тендерска процедура со прибирање на минимум три понуди. Корисникот на наградата до Фондот треба да ја достави на одобрување документацијата за секоја фаза од тендерската процедура (пр. јавниот оглас, критериуми за избор, договор и сл.). Во добро оправдани случаи, овие набавки може да се спроведат и без тендерска процедура по претходно одобрување од страна на Фондот. Во случаи кога се обезбедени средства од меѓународни организации (донатори и заемодавачи) или од трети земји, а од нивна страна се пропишани посебни услови за набавка на добра и услуги, корисникот на наградата е должен да ги земе во предвид истите при спроведување на набавките.

Кога е применливо, договорите помеѓу корисникот на наградата и трети страни треба да вклучуваат одредби поврзани со заштита на интелектуална сопственост, спречување судир на

интереси, ревизија и влијание врз животната средина.

**Правила за видливост на донаторот**

За време на спроведување на проектот, корисникот на наградата е обврзан сите промотивни материјали за проектот да ги означи со логото и називот на Фондот и јасно да истакне дека проектот се спроведува со поддршка од Фондот.

Опремата што е набавена преку проектот финансиран од Фондот задолжително треба јасно да биде обележана со логото на Фондот, како и со напомена: *„Поддржано од Фондот за иновации и технолошки развој на Република Северна Македонија“.* Во случаи кога за финансирање на проектот се обезбедени средства и од меѓународни организации (донатори и заемодавачи) или од трети земји, корисникот на наградата е должен да ги земе во предвид правилата за видливост на истите.

Доколку корисникот на наградата поседува веб-страница, должен е да објави кратка информација за поддршката обезбедена од Фондот. Доколку корисникот на наградата објавува или дава изјава за медиуми во врска со проектот должен е да ја спомне поддршката обезбедена од Фондот.

**Промени во проектот**

Секоја промена на проектот треба да биде оправдана и во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати.

Секое значително отстапување од проектната апликација и буџетот на проектот (промени во планот на активности, промена на очекуваните резултати од проектот, промена на клучните луѓе на проектот итн.) треба да биде претходно одобрено од страна на Фондот.

Корисникот на наградата има право на пренамена на средства во вкупен износ од 10% (десет проценти) од вкупниот буџет на проектот за целото времетраење на проектот во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати. За пренамената корисникот на наградата е должен да го извести Фондот во рамки на кварталните извештаи и завршниот извештај.

Секоја пренамена на средства која надминува 10% (десет проценти) од вкупниот буџет на проектот треба да биде претходно одобрена од страна на Фондот.

Фондот има за цел да поттикне иновативна дејност и преземање ризик. Од причина што иновативните проекти често се развиваат различно од почетните очекувања, овој фактор ќе го има предвид при донесување на одлуките за одобрување на промени во проектот.

**Чување на документацијата**

Корисникот на наградата има обврска да ја чува целокупната документација на проектот од започнување на спроведувањето на проектот.

Задолжителната документација на проектот содржи:

- целокупната документација што е доставена при пријавување на натпреварот односно предизвикот;

- сите официјални документи на комуникација помеѓу корисникот на наградата и Фондот во текот на периодот за пријавување на натпреварот односно предизвикот;
- Договорот за доделување на награда;
- сите официјални документи во периодот на спроведување на проектот;
- оригинални примероци од сите извештаи доставени до Фондот;
- известувања за одобрување на извештаи доставени од Фондот;
- оригинални примероци од сите фактури и
- сите останати документи, вклучувајќи и договори со трети страни, и други докази на плаќање поврзани со проектот.

Корисникот на наградата има обврска да ја чува горенаведента документација во рок од најмалку 5 години по завршувањето на проектот.

## VII. НАДЗОР, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОЕКТИ

### Начини на спроведување на надзорот

Фондот врши надзор на проектот преку преглед на извештаи доставени од страна на корисникот на наградата, преку спроведување на теренски посети и/или преку оценка на резултатите на проектот.

### Цели на надзорот

Целта на надзорот е да се следи напредокот на проектот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и согласно процедурите на Фондот, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектот.

Методите на надзор вклучуваат:

– разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот на наградата и
– теренски посети на корисниците и на партнерите (доколку е применливо) во проектот.

Надзорот го вршат тимови за следење назначени од директорот на Фондот.

### Извештаи што ги доставува корисникот на наградата

Корисникот на наградата има обврска до Фондот да доставува извештаи и тоа:

- Тримесечен извештај за напредок (описен дел и финансиски дел) кои корисникот на наградата е должен да ги доставува за времетраењето на проектот и тоа во рок од 14 (четиринаесет) дена по истекот на едно тримесечие, (доколку е применливо) и

- Завршен извештај (описен дел и финансиски дел) кој корисникот на наградата е должен да го достави во рок од 30 (триесет) дена по истекот на последниот календарски ден од проектот.

Извештаите се пополнуваат во обрасци утврдени од страна на Фондот.

Извештаите се разгледуваат од страна на тимовите за следење назначени од директорот на Фондот. Во случај на идентификувани неправилности во известувањето кои можат да се корегираат од страна на корисникот на наградата, Фондот го известува корисникот на наградата за идентификуваните неправилности со барање да ги отстрани неправилностите и да поднесе ревидиран извештај.

Во случај извештајот да е соодветно пополнет и доставен, директорот на Фондот по препорака на тимовите за следење го одобрува извештајот и одобрувањето го доставува до корисникот на наградата.

Тимот за следење има право од корисникот на наградата да побара дополнителни информации и документи поврзани со извештаите како и да изврши ненајавена теренска посета на корисникот со цел проверка на информациите доставени во извештаите.

**Теренски посети**

Тимовите за следење задолжително спроведуваат најмалку една теренска посета по проект во рок од 12 месеци. Фондот има право да спроведе и повеќе теренски посети доколку е потребно.

Теренските посети вклучуваат посета на корисникот на наградата и средба со клучните луѓе на проектот со цел надзор над спроведувањето на проектот (пр. придржување кон процедурите, постигнување на предвидените резултати, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите на договорот за доделување средства итн.)

Теренската посета може да биде најавена или ненајавена. При најавена теренска посета, тимот за следење испраќа до корисникот на наградата известување за спроведување на теренска посета кое содржи детали за локацијата, времето на посетата, лицата кои треба да бидат присутни, документацијата и набавената опрема која треба да биде достапна за увид. Известувањето за спроведување на теренска посета се доставува најмалку 7 (седум) дена пред спроведувањето на посетата.

За извршената теренска посета тимот за следење составува записник во кој се внесува текот на посетата, лицата кои присуствувале на теренската посета, документацијата која е проверена, забелешките кои се констатирани од страна на тимот, идентификувани неправилности, насоките и роковите за отстранување на евентуалните неправилности и друго.

Тимот за следење до корисникот на наградата доставува известување од спроведена теренска посета. Во случај на констатирани неправилности, корисникот на наградата е должен да превземе мерки во согласност со насоките и роковите наведени во известувањето.

**Обврска на корисникот на наградата за олеснување на надзорот**

Корисникот на наградата е должен да се придржува кон процедурите и да му овозможи на Фондот да изврши лесен надзор над спроведувањето на проектот.

Корисникот на наградата е должен да му овозможи на Фондот или на лица овластени од Фондот во секое време да извршат длабинска анализа на спроведувањето на проектот, на неговите активности и остварени резултати, како и да извршат ревизија на проектната и финансиска документација поврзана со проектот. Корисникот на наградата има обврска сите релевантни документи поврзани со проектот да ги подготви и достави до Фондот на негово барање.

**Промени во сопственичката структура**

Во случај на можна промена на доминантната сопственичка структура (над 50,1% од сопственоста) и/или промена во доминантна македонска сопственичка структура (над 50,1% од сопственоста), корисникот на наградата е должен да побара одобрување за промената од страна на Фондот. Оваа обврска не важи во случај на смрт на сопственик/содружник и/или акционер и спроведување на оставинска постапка.

По однос на горенаведеното барање, Фондот е должен да донесе одлука во најкраток можен рок.

Во случај на промена на сопственичка структура која не претставува промена во доминантната сопственост, корисникот на наградата е обврзан во рок од 15 (петнаесет) дена од денот по извршувањето на упис на промената во Централниот регистар на Република Северна Македонија да го извести Фондот за настанатата промена. Оваа обврска не важи во случај на смрт на сопственик/содружник и/или акционер и спроведување на оставинска постапка. При настанување на промената корисникот на наградата е обврзан да ја задржи доминантната македоноска сопственичка структура.

Обврската на корисникот на наградата за барање на одобрување од страна на Фондот за промена во доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура на корисникот на наградата има за цел да спречи обиди од трети страни да воспостават контрола над корисникот на наградата и трае сè до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување на награда.

Во случај на промена во доминантната сопственичка структура (пренос на сопственички удел и/или акции) новиот сопственик на корисникот на наградата, треба да ги превземе сите правни обврски и одговорности од Договорот за доделување на награда и да потпише изјава за продолжување на проектот и потврда на временската рамка со изјава за пристапување кон обврски.

Доколку во периодот на спроведување на проектот и додека сеуште траат обврските кон Фондот, корисникот на наградата ја промени доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура без претходно добиено одобрување од страна на Фондот, го префрли трговското друштво, активностите и/или го пренесе правото на сопственост на технологијата/производите/услугите настанати за време на проектот надвор од земјата на кој било начин, корисникот на наградата ќе треба да плати 100% од износот на доделени средства. Доколку корисникот на наградата планира да го затвори или ликвидира трговското друштво, должен е претходно да го извести Фондот за истото.

Доколку во периодот на спроведување на проектот и додека се уште траат обврските кон Фондот, новиот сопственик на корисникот на наградата ја промени доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура без претходно добиено одобрување од страна на Комисијата за оценување и избор, го затвори или ликвидира или го префрли трговското друштво, активностите и/или се пренесе правото на сопственост на технологијата/производите/услугите настанати за време на проектот надвор од земјата на кој било начин новиот корисник ќе треба да плати 100% од износот на доделени средства.

**Промена на статусот**

Во случај на можна промена на статусот-поделба на корисникот на наградата, поврзување или присоединување на корисникот на наградата, корисникот на наградата е должен да побара одобрување на промената од страна на Фондот.

По однос на горенаведеното барање за одобрување на промената, Фондот е должен да донесе одлука во најкраток можен рок.

Доколку Фондот даде согласност за статусна промена-поделба на корисникот на наградата, поврзување или присоединување на корисникот на наградата, новите сопственици на корисникот на наградата, правниот наследник (претпријатијата со кои корисникот на наградата остварил поврзаност, со кои корисникот на наградата се присоединил или на кои сопственикот пренесол средства - новоосновани или постоечки претпријатија) во рок од 15 (петнаесет) дена по извршувањето на упис на промената во Централниот регистар на Република Северна Македонија се должни да склучат и анекс на договорот за доделување на награда.

Обврската на корисникот на наградата за барање одобрување од Фондот за промена на статусот на корисникот на наградата трае сè до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување на награда.

Доколку во периодот додека сеуште траат обврските кон Фондот, новиот правен наследник (претпријатијата со кои корисникот на наградата се поврзал, со кои корисникот на наградата се присоединил или на кои сопственикот пренесол средства - новоосновани или постоечки претпријатија), го затвори или ликвидира или го префрли трговското друштво, активностите и/или го пренесе правото на сопственост на технологијата/производите/услугите настанати за време на проектот надвор од земјата на кој било начин ќе треба да плати 100% од износот на доделени средства.

За контрола на евентуални промени во доминантната сопственичка структура, доминантната македонска сопственичка структура и/или статусна промена, Фондот може во секое време да побара корисникот на наградата да достави нова Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постара од 8 (осум) дена).

## VIII. ПРЕСТАНОК НА ФИНАНСИРАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА

**Раскинување на Договорот**

Во случај на раскинување на Договорот за доделување на награда, корисникот е должен да ги врати назад дел или сите добиени средства, во согласност со условите во договорот.

Уплатите на корисникот на наградата кон Фондот треба да бидат исплатени во денари.

За секое доцнење на уплата на средства за подмирување на обврските кон Фондот од страна на корисниците во рок подолг од 30 (триесет) дена, Фондот испраќа писмена опомена до корисникот на наградата за задоцнувањето.

За секое доцнење на уплата на средства за покривање на обврските кон Фондот од страна на корисниците подолго од 60 (шеесет) дена, Фондот испраќа втора писмена опомена до корисникот на наградата за задоцнувањето.

За секое доцнење на уплата на средства за покривање на обврските кон Фондот од страна на корисниците на наградата подолго од 90 (деведесет) дена, Фондот го раскинува Договорот за доделување на награда и корисникот одговара за обврските согласност со одредбите од договорот.

**Престанок на финансирањето**

Фондот има право да го прекине финансирањето, како и да го раскине Договорот за доделување на награда во случај на проневера и прекршување на обврските од Договорот за доделување на наградата и/или одредбите од овие Правила за натпревари и предизвици, а особено во следниве случаи:

1. Доколку корисникот на наградата наменски не ги користи одобрените финансиски средства, вклучувајќи и прераспределба на средства во процент поголем од утврдениот процент на средства од вкупниот буџет на проектот без претходна писмена согласност од Фондот;
2. Доколку корисникот на наградата со намера за измама дава неточни податоци во текот на постапката за доделување на награда и за времетраењето на Договорот за доделување на награда кои имаат материјално влијание на проектот;
3. Доколку корисникот на наградата не воведе соодветни политики и процедури кои ќе му овозможат на Фондот да врши надзор и да ги оцени напредокот на проектот;
4. Доколку корисникот на наградата не подготвува финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди на начин кој соодветно ќе ги рефлектира активностите, ресурсите и трошоците поврзани со проектот;
5. Доколку корисникот на наградата на барање на Фондот не дозволи ревизија од страна на независен ревизор и/или стручно лице за ревизија назначени од Фондот;
6. Доколку корисникот на наградата не му обезбеди на Фондот или на лица назначени од страна на Фондот, да извршат увид во спроведувањето на проектот, неговите активности, остварени резултати сите релевантни документи за проектот, или на сметките и/или истите да ги достави до Фондот на негово барање;
7. Доколку корисникот на наградата не го извести Фондот за секоја значајна промена со материјално влијание врз проектот;
8. Доколку корисникот на наградата постапува спротивно на одредбите од Правилата за натпревари и предизвици кои се однесуваат на измама и корупција;
9. Доколку корисникот на наградата не побара согласност за статусна промена и/или промена во доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура со цел да се спречи каков било обид за воспоставување контрола од трето лице врз корисникот на наградата;
10. Доколку корисникот на наградата не се придржува кон одредбите од Правилата за натпревари и предизвици кои се однесуваат на статусна промена и/или промена на сопственичка структура;
11. Врз основа на барање на корисникот на наградата или тимот за следење, доколку поради неизбежна пречка од технички или пазарен аспект се доведат во прашање идните резултати на проектот.

**Одлука за привремен прекин на финансирањето**

Во случај на настанување на која било од погоре наведените околности од овие Правила за

награди и предизвици, Фондот го задржува правото да донесе одлука за привремен прекин на финансирањето, и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиските средства исплатени на корисникот на наградата до тој момент.

Фондот истовремено со одлуката за привремен прекин на финансирањето испраќа и писмено известување до корисникот на наградата, информирајќи го за настанатите прекршувања на Договорот за доделување на награда со барање корисникот на наградата да ги отстрани прекршувањата во рок од определен од страна на Фондот.

По барање на корисникот на наградата, Фондот може да му одобри на корисникот на наградата дополнителни 30 (триесет) дена за отстранување на прекршувањата.

Во случај корисникот на наградата да ги надмине идентификуваните прекршувања, Фондот ќе донесе одлука за повлекување на привремениот прекин на финансирањето.

Во случај корисникот на наградата да не ги отстрани идентификуваните прекршувања во погоре утврдените рокови Фондот ќе одлучи дали ќе дојде до раскинување на Договорот за доделување на награда.

**Одлука за раскинување на Договорот за доделување на награда**

Во случај на настанување на било која од околностите за раскинување на договорот наведени во Правилата за награди и предизвици, Фондот го задржува правото да донесе одлука за раскинување на Договорот за доделување на награда и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиски средства исплатени на корисникот на наградата до тој момент.

Одлуката за раскинување на Договорот за доделување на награда ја носи Фондот.

Доколку Договорот за доделување на награда е раскинат од било која причина опфатена со овие Правила за награди и предизвици, а доделените финансиски средства не се потрошени, корисникот на наградата е должен да го врати на Фондот целиот непотрошен износ на средства најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот кога од Фондот тоа е побарано, во спротивно тој паѓа во задоцнување и на истиот износ може да биде обврзан да плати законска казнена камата во согласност со Законот за облигациони односи сметано од денот на доцнењето, се до конечната исплата.

Доколку поради неизбежна пречка од технички или пазарен аспект се доведат во прашање идните резултати на проектот, од корисникот на наградата ќе се бара да достави документација до Фондот и да побара престанок на проектот и финансирањето. Последователно, Фондот ќе утврди дали постои оправданост на доказите за постоење на неизбежна пречка која ги доведува во прашање идните резултати на проектот и ќе донесе соодветна одлука. Доколку Фондот одлучи дека се исполнети условите наведени како неизбежна пречка, корисникот на наградата нема да биде обврзан да ги врати доделените средства.

Доколку корисникот на наградата не побара согласност за статусна промена и/или промена во доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура со цел да се спречи каков било обид за воспоставување контрола од трето лице врз корисникот на наградата и/или доколку корисникот на наградата не се придржува кон одредбите од Правилата за натпревари и предизвици кои се однесуваат на статусна промена и/или промена на сопственичка структура, корисникот на наградата е должен на Фондот да плати 100% од износот на доделени средства.

Сите исплати треба да бидат исплатени на Фондот во денари.

Во случај Корисникот на наградата да не ги исполни обврските од овие Правила за

натпревари и предизвици, ќе се применат механизмите за заштита утврдени со одредбите на Договорот за доделување на наград.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Со денот на отпочнување на примена на овие Правила престануваат да важат Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр.01-494/4 од 28.11.2017 година и бр.01-1377/6 од 06.06.2019 година.

Бр. ------------<br>Скопје, 20.01.2020

Претседател на Управен одбор<br>на Фондот за иновации и технолошки развој